Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 154

Август-Септември 2025 г.

цена 20 денари,



Проф. д-р М. Цидров

УНИВЕРЗИТЕТ

## Запишани се 20 проценти поголем број студенти од минатата година

Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

Авто сервис Рибата

*Со Иван ЈОРДАНОВ, градоначалник на Штип*

## Секое населено место ни е важно, секој глас е слушнат....



## По изборите Клиничка болница ќе се пополнува со специјалисти, медицински сестри, болничари...



Д-р Захариев

# Двајца кандидати за градоначалници, 11 советнички листи со 253 кандидати за советници

## Јавна корпа, тајна симпатија

➢ Зашто на штипјани во политиката ништо бланко не треба да им се верува

Иван Бојаџиски



# Јавна корпа, тајна симпатија

**❍ *На штипјани, во политиката, бланко ништо не треба да им се верува***

И Штип е пред нов предизвик. На 19 декември ќе избираме нова локална власт. Градоначалник и Општински совет.Како наближува денот „Д“ толку повеќе се расплamtуваат градските муабети на оваа, за секоја, па и за нашата општина важна тема. Дебатите за тоа кој ќе победи на овие избори одат дури и до жестоки соочувања помеѓу најдобри пријатели. До тој степен се загрева атмосферата кога доаѓа моментот на големата политичка утакмица за локалната заедница.

Кога станува збор за избори, луѓето, во принцип, не се реални во своите соочувања со другите, во своите предвидувања, прогнози. Секој навива за својот политички тим, па од дрвото не може да ја види шумата. Или ја гледа, ама не сака да го признае тоа.



Во градот на големо се говори дека Иван Јорданов, старо-новиот кандидат за градоначалник на Штип од ВМРО ДПМНЕ сигурно и убедливо ќе ја добие довербата на штипјани и во следните четири години да ја води општината во нов просперитет. Но, овде сакам да укажам на некои случувања од минатото, а имено:

Кога дојде до изборна битка помеѓу Илчо Захариев кој како избор на ВМРО ДПМНЕ бараше втор мандат од штипјани, сите го беа прежалиле Благој Бочварски, кандидат на СДСМ, сметајќи дека тој нема ниту грам шанси за победа над фармацевтот. И, што биде? Бочварски стана градоначалник.

Втор случај. На политички мегдан за освојување на титулата „татко на градот“, пред четири години, излегоа д-р Сашко Николов, еминентен интервентен кардиолог со голема репутација по однос на својата професија и тоа не само меѓу штипјани. Од другата страна беше младиот дипломиран економист Иван Јорданов на кого му се даваа само промил шанси да стане градоначалник.

И, што се случи? Јорданов убедливо ги доби изборите и стана градоначалник на Штип кој сега оди на втор мандат, па ако ја добие довербата на полнолетните штипјани ќе биде само вториот во 80 годишната историја на слободарски Штип (од 1945 година наваму) кој врзал два градоначалнички мандати после Михаил-Михо Данев кој оваа функција ја вршеше од 1974 до 1982 година, што значи дека му беа доверени два мандати.

Што сакам да порачам со овие примери? Дека во Штип, кога е во прашање политиката, ништо не треба да се зема здраво за готово. Она што изгледа невозможна политичка мисија стане можно, и обратно. Штипскиот гласач е непредвидлив. Неретко едно мисли, друго говори, трето заокружува.

Од каде ми такво сознание? На времето, при едни поранешни избори, во весникот кој го уредував напишав текст под наслов: „Јавна корпа-тајна симпатија“. Поентата не текстот беше следнава: на Градскиот плоштад се одржува голем митинг на СДСМ. Главен говорник е претседателот Киро Глигоров. На бината се качени и тројца кандидати за пратеници на оваа партија и коалицијата. Плоштадот исполнет до последно место, публика стои и преку Камениот мост се до Текстилното училиште. Претседателот Глигоров држи говор, публиката аплаудира.

По говорот на претседателот водителот го најавува првиот кандидат за пратеник од Штип. Публиката е громогласна со нејзиното „Уааааа“. Водителот го најавува вториот кандидат за пратеник. Публиката одново со громогласното „Уааа“. На третиот кандидат публиката му аплаудира.

Така, двајца кандидати за пратеници од спомнатата партија (коалиција) добија голема, јавна корпа на Градскиот плоштад. Но, кога на изборниот ден се пребројуваа гласовите, се виде дека штипјани, на својата јавна корпа одговориле со тајна симпатија кон двајцата кандидати кои беа избрани за пратеници.

Од тогаш па се до денес, кога доаѓа време на изборно политичко соочување, јас знам само едно: дека на штипјани, во политиката, не треба бланко да им се верува. Тоа е мое искуство стекнато во 60 годишната моја новинарска работа, па сега, кој како сака нека го свати напишаното во оваа моја колумна.

# Двајца кандидати за градоначалници, 11 советнички листи со 253 кандидати за советници




**м-р Иван Јорданов**



**Павел Иванов**

Кандидати за градоначалници се м-р Иван Јорданов од ВМРО ДПМНЕ и Павел Иванов од СДСМ, а за секое од 23-те советнички места има по 11 кандидати

Полнолетните штипјани на 19 октомври годинава ќе излезат на избори за да изберат градоначалник на Штип и 23 члениот состав на Советот на општината. Иако се мислеше дека олеснителните околности на овие избори со само два предлог-потписа на граѓани да може да се биде кандидат за највисоката општинска функција ќе донесе наплив од кандидати тоа, сепак, не се случи во случајот со кандидатурите за градоначалник па списокот остана на само две личности од двете најголеми политички партии.

ВМРО ДПМНЕ и на овие локални избори градоначалничката трка ќе ја води со м-р Иван Јорданов, дипломиран економист, актуелен градоначалник на Штип.

СДСМ  се определи за Павел Иванов, дипломиран правник, актуелен претседател на Општинската организација.

Затоа пак во делот на листите за советници има најголем број пријавени такви листи во историјата на Општина Штип-дури 11. Тоа значи дека 253 полнолетни жители на Штип се надеваат на столче за себе во големата собраниска сала.

Во однос на советничките листи во законски рок нив ги поднесоа 11 политички субјекти и независни кандидати.

Тоа се: СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, Левица, ЗНАМ, Раман Демиров, Енис Демиров, МААК, Демократска партија на Турците, Зелена иднина, Искуство за успех и Единствена Македонија.

Првиот круг од локалните избори ќе се одржи на 19 октомври.

Носители на листите на дел од партиите и коалициите:



ВЕРЕСА ДИМОВА



УШИНОВА



СТОИЛОВА



МИХАЈЛОВСКИ

**ГАЛАБА ВЕРЕСА ДИМОВА** – професорка во средно медицинско училиште, носител на советничката листа на СДСМ

**Д-р ВЕСНА УШИНОВА** – специјалист по интерна медицина и субспецијалист по гастро ентеро хепатологија, носител на советничката листа на ВМРО ДПМНЕ.

**МАРЕ СТОИЛОВА** – м-р по клиничка советодавна психологија (поранешна новинарка), носител на советничката листа на Единствена Македонија.

**АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ** - д-р по музички науки, редовен професор на Музичка академија и член на Универзитетскиот сенат на УГД, носител на листата на Левица..

**Со Иван ЈОРДАНОВ, градоначалник на Штип**

# Секое населено место ни е важно, секој глас е слушнат....

Завршува актуелниот мандат на градоначалникот Иван Јорданов. Медиумите, во принцип, при вакви околности, прават интервју со човекот кој четири години ги водел градот и општината со јасна цел граѓаните да имаат увид во ветувањата и остварувањата на „таткото" на градот. Штипски Глас редовно ја применува ваквата пракса поради што, на крајот од неговиот мандат, за важните нешта во нашата оопштина разговараме со градоначалникот кој од неговата Партија е кандидиран за нов четиригодишен мандат.



**Г-дин Јорданов, пат, вода, струја...Тоа е тријадата, примарниот услов за квалитетен живот во една заедница, без оглед дали е таа заедница град или село. Од тука, колку локланата власт и Вие лично бевте посветени на решавање на овие прашања и каде интервениравте во изминатите 4 години во оваа насока не само во градот туку и во селата?**

- Како градоначалник, целосно се согласувам дека патната инфраструктура, водоснабдувањето и електричната енергија се темелите за квалитетен живот, без разлика дали станува збор за градска или рурална средина. Во изминатите четири години, Општината со сериозна одговорност и целосна посветеност работеше на подобрување на условите во сите населени места на нејзина територија. Нашата заложба беше, и останува, да не постои разлика во пристапот, бидејќи секое населено место заслужува еднаков третман и внимание. Создавањето пристојни и безбедни услови за живот се наша обврска. Затоа вложуваме постојани напори за унапредување на основната инфраструктура, бидејќи веруваме дека тоа е предуслов за севкупен развој, за останување на младите во заедницата и за подобар живот на сите граѓани, без исклучок. Овие прашања не се третираат селективно. Секое населено место е важно, секој глас е слушнат, и секој чекор што го преземаме беше и е насочен кон долгорочно и рамномерно подобрување на условите за живот во целата општина

**Новина во Штип е јавниот градски превоз кој градот го има за првпат во неговата историја. Прашањето ни е што граѓаните добија со овој ваш потег и да ли штипјани ја користат таа можност...**

- Со воведувањето на јавниот градски превоз, Штип конечно ја доби една од основните услуги кои го подобруваат квалитетот на животот на граѓаните. Овој потег беше значаен бидејќи го направивме превозот достапен за сите, со спроведување на линии кои ги опфаќаат сите населени места во општината. Граѓаните брзо го препознаа значењето на оваа услуга и можеме да потврдиме дека штипјани ја користат со задоволство. Со јавниот превоз се создаваат услови за поголема мобилност, што особено ги олеснува секојдневните активности на луѓето кои патуваат на работа, училиште или можност да извршуваат други обврски. Линиите се поставени така што се достапни за секое населено место, што ја прави услугата достапна за сите, без разлика на локацијата. Ова е само еден од многуте чекори кои ги преземаме за да го направиме Штип поудобен и пофункционален за сите негови жители.

**Д Фестивалот кој привлече илјадници, главно млади луѓе, е оценет како најголем и најквалитетен културолошки настан во поновата (самостојна) историја на Штип. Сведоци сме на поголем број настани од областа на културата, на уметноста и на забават за млади, што сака(в)те да постигнете со тоа?**

- Фестивалот кој привлече илјадници млади луѓе, и кој беше оценет како најголем и најквалитетен културолошки настан во поновата историја на Штип, има посебно место во нашиот град. Но, ова не е единствениот настан, бидејќи културните и забавните активности за младите се постојано присутни и растат во број и квалитет. Со овие фестивали и настани, ние не само што ја збогатуваме културната сцена на Штип, туку и придонесуваме за промоција на нашето наследство и традиција на едно ново, современо ниво. Нашата основна цел со организирање на вакви настани е да создадеме културна средина која ќе ги поврзува луѓето, ќе го подобри животниот стил и ќе понуди можности за забава, но истовремено и за изразување на креативноста и талентите на младите. Овие фестивали, покрај што го унапредуваат културниот живот, се важни и за развојот на туризмот. Штип се препознава како град на културата и уметноста, кој привлекува не само домашни, туку и странски туристи, што дополнително го позиционира како значаен културен и туристички центар во регионот. Преку фестивалите и нас-

таните, ние не само што ја збогатуваме културната понуда, туку и креираме нови можности за економски развој, поттикнуваме локален туризам и давајќи простор за нови иницијативи, ги вклучуваме младите во креирањето на идната културна слика на Штип.

**Важно за постарите жители на градот, односно пензионерите е зошто и оваа локална власт посериозно не се заложи за решавање на прашањето околу доизградбата на Домот за стари лица, а посебно што сега има услови кога и локалната и централната власт се од иста партија па решавањето се смета за полесно. Мислам дека ова е големо прашање зашто имаме добар број пензионери -самци чии деца и внуци се во странство или не можат да живеат во голема заедница долги години. Ако одново бидете избрани за градоначалник што би направиле во однос на ова прашање?**

- Во изминатите години, Општината активно работи на решавање на прашањето за Домот за стари лица. Разбираме колку е важно за постарите жители, особено за пензионерите, да имаат безбедно и достоинствено место за живеење, особено за оние граѓани чии деца и внуци се далеку од дома или не можат да се грижат за нив поради различни околности. Локалната самоуправа, заедно со централната власт, деновиве интензивно работи на сите потребни одлуки и чекори за да Штип добие свој дом за стари лица. Деновиве, активно се работи на финализирање на сите потребни процедури за да се обезбедат услови за што побрзо завршување на овој проект, кој е од огромно значење за нашите повозрасни сограѓани. Во текот на овој мандат, како и во иднина, продолжуваме да се заложуваме за создавање на поголеми и подобри услови за живот на нашите повозрасни сограѓани, како и за развој на нови активности и услуги што ќе ги подобрат нивните услови на живот. Со оваа заложба, продолжуваме да градиме една поинклузивна и грижлива општина за сите генерации.



**Градите најголем парк во регионот, нешто што му е неопходно на градот, но градот нема Градски базен, а летата се се потопли...Велес има таков базен во кој влезот е само 100 денари, не мислите ли дека тоа е неопходно за граѓаните да имаат можност да побегнат од летните горештини а притоа да не бидат „одрани“, во финансиска смисла од одењето на приватни аква паркови, базени во Штип, Пробиштип, Неготино, а во последно време и во Велес?**

- Потребата за базен во Штип е важна, особено во летните месеци кога температурите се високи. Штип веќе има градски базен, цените на услугите се регулирани од операторите и не можеме директно да влијаеме на нив. Но, како општина, постојано работиме на подобрување на инфраструктурата и условите за нашите граѓани. Во тој контекст, наскоро Штип ќе добие затворен базен, што ќе обезбеди целогодишна опција за рекреација и уживање во водените активности. Во новата програма, граѓаните ќе бидат запознаени со сите детали околу базените, а нашата цел е да обезбедиме пристапни и квалитетни услуги за сите. Овој проект е дел од пошироката заложба за подобрување на животната средина и квалитетот на животот на нашите сограѓани.

***ЗА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА: Со задоволство можам да потврдам дека соработката со бизнис заедницата е на високо ниво и дека општината активно работи на тоа да создаде поволни услови за нивниот развој. Нашиот тим секогаш одговара брзо и ефективно на барањата на бизнисите, бидејќи разбираме дека нивниот успех директно влијае на економијата на Штип, создавањето нови работни места и социјалната сигурност за нашите граѓани.***

**Факт е дека покажавте храброст (решителност) еднаш и за секогаш да ги иселите бараките во близина на училиштето „Тошо Арсов“ и да отворите можност за доизградба на булеварот Партизанска. Која е придобивката од тој чин и како најдовте решение за иселените ромски семејства?**

- Одлуката да се иселат бараките во близина на училиштето „Тошо Арсов“ и да се овозможи доизградба на булеварот „Партизанска“ беше значаен и смел потег кој носи долгорочни придобивки, особено за граѓаните од населбата „Баби“ па сè до Градскиот стадион. Со оваа промена, добивме простор за развој на инфраструктурата и подобрување на транспортната поврзаност, што се одразува на поголема безбедност, популаризација на овој дел од градот и подобри услови за секојдневниот живот на жителите. Проектот беше од јавен интерес, бидејќи отвори можност за унапредување на урбаната средина и за поефикасно функционирање на Штип. Истовремено, локалната самоуправа реагираше со солидарност и одговорност во однос на ромските семејства кои беа иселени од бараките. Општината обезбеди алтернативни живеалишта за нив, со цел да се обезбеди достоинствен живот и да се задоволат нивните основни потреби. Ова е пример за тоа како една одлука може да ги подобри условите на широката заедница, без да се игнорираат потребите на ранливите групи.

**Што направивте во однос на чистотата на градот, се поголем е бројот на штипјани и гости на градот кои говорат дека Штип е се поуреден и почист град, како кон ова прашање се постави/поставува ЈП Исар, ЈП Стипион и локалната власт во целина?**

- Чистотата на градот е еден од најважните аспекти на урбаното живеење, и сме посветени на тоа Штип да биде што поуреден и почист. На дневна основа, ЈП „Исар“ и локалната власт се грижат за одржување на чистотата во градот, со постојани активности на собирање на отпад, одржување на паркови и јавни површини, како и редовно чистење на улиците. Ние се соочуваме со бројни предизвици, но континуирано работиме на нивно решавање преку оптимизирање на постоечките ресурси и воведување на нови решенија. Општината постојано ги субвенционира јавните претпријатија, со цел да се обезбедат неопходните ресурси за создавање на почиста и подобра животна средина. Преку инвестиции во обновување на возниот парк и други технички ресурси, како и воведување на нови еколошки решенија, се стремиме да ја подобриме ефикасноста на јавните услуги и да обезбедиме поголема еколошка свест меѓу граѓаните.

**Бизнис заедницата е задоволна од соработката со Вас и вашиот тим, велат дека итно одговарате на нивните барања за ширење и развој на нивните бизниси, а со тоа и за отворање нови работни места што носи пристојно ниво на социјална сигурност, кое е вашето мислење по однос на ова, дали има простор за напредок на соработката на релација локална власт-бизнис заедница заради општа корист за сите?**

- Со задоволство можам да потврдам дека соработката со бизнис заедницата е на високо ниво и дека општината активно работи на тоа да создаде поволни услови за нивниот развој. Нашиот тим секогаш одговара брзо и ефективно на барањата на бизнисите, бидејќи разбираме дека нивниот успех директно влијае на економијата на Штип, создавањето нови работни места и социјалната сигурност за нашите граѓани. Мислам дека има огромен простор за понатамошен напредок во оваа соработка. Општината и бизнис заедницата имаат заеднички интерес, заедно да создадеме поволни услови за раст и развој, што ќе придонесе за општа корист за сите. Понатамошната поддршка за бизнисите, како и понуда на иновации и нови можности, ќе биде клучна за создавање на стабилна економија, која ќе се базира на висококвалитетни работни места и конкурентни индустрии. Ние остануваме отворени за нови идеи и продолжуваме да работиме на тоа да ја унапредиме оваа соработка.

**До каде се работите со обиколницата и новиот мост на Брегалница и што добиваме со тоа, односно која беше потребата за реализација на овој проект?**

- Работите на обиколницата и новиот мост на Брегалница се активни и интензивно се реализираат. Проектот е во фаза на средина, а целосното завршување се очекува следната пролет, што ќе донесе значајни подобрувања во инфраструктурата на Штип. Потребата за реализација на овој проект е повеќекратна. Со изградбата на обиколницата и новиот мост, ќе се олесни транспортната поврзаност и ќе се обезбеди побрзо и поефикасно движење на возилата, особено ако се има предвид дека Штип е студентски и конкурентен град кој постојано се шири. Овој проект не само што ќе помогне во развојот на тој дел од градот, туку ќе отвори и нови можности за изградба на нови населби, што ќе ја поттикне урбанизацијата и економскиот развој. Со завршувањето на оваа инфраструктурна инвестиција, Штип ќе добие значителен импулс за понатамошен раст и развој, создавајќи посоодветни услови за живот и работа на сите наши граѓани.

**Цените ли дека направивте, како татко на градот, доволно за развој на спортот. Во фудбалот, боречките спортови каде сме најдобри како општина, кошарката, одбојката, ракометот...Што е тоа што допрва треба да се сработи за поголем углед на Штип како спортски центар..**

- Во мојот мандат секогаш се трудев да направам што е можно повеќе за развој на спортот во Штип. Во изминатите години, направивме значителни чекори, но знам дека секогаш има простор за подобрување. Со гордост можам да кажам дека Штип има одлични спортски традиции, особено во фудбалот и боречките спортови, каде што се постигнати извонредни резултати. Кошарката, одбојката и ракометот исто така имаат свои успеси, и сè ова потврдува дека спортот има големо значење за нашата заедница. Но, не се задоволуваме само со досега постигнатото. За Штип да стане вистински спортски центар, потребни се нови инвестиции во инфраструктурата и понатамошно стимулирање на спортските активности. Во наредниот период, ќе се доизгради градскиот стадион, кој ќе биде значаен не само за фудбалот, туку и за целокупниот спортски живот во градот. Планираме изградба на сала за боречките вештини, како и повеќе спортски сали на различни локации, со цел да им обезбедиме на нашите млади сограѓани поголеми можности за вклучување во спорт. Ваквиот пристап е неопходен за правилен раст и развој на новите генерации, како и за продолжување на традицијата на спортските успеси.

***СМЕЛ ПОТЕГ: Одлуката да се иселат бараките во близина на училиштето „Тошо Арсов“ и да се овозможи доизградба на булеварот „Партизанска“ беше значаен и смел потег кој носи долгорочни придобивки, особено за граѓаните од населбата „Баби“ па сè до Градскиот стадион***

# По изборите Клиничка болница ќе се пополнува со специјалисти, медицински сестри, болничари...

Сашо Клековски, директор на Фондот за здравство изјави дека со посветеност на Владата сите вработени кои подолго време работат со договор на дело во болниците во земјава ќе добијат договори за неопределено време веднаш по изборите, а најдоцна до крајот на годинава,

– Прашање е колку брзо можат административно да се постигнат тие процеси, затоа што треба да се координираат повеќе институции, но сепак по изборите до крајот на годината имаме целсно посветеност сите што неколку години работеле со договри на дело да добијат договори на неопределено време и со тоа да им се реши статусот, рече Клековски.



Д-р Захариев

***Пред распишувањето на локалните избори 2025 година, објавен е оглас за вработување на 18 лица, доктори специјалисти, медицински сестри, болничари. Целата процедура е завршена, одлука за вработување е донесена, но поради периодот на избори решенијата за работа не можат да се потпишат, па тој процес ќе биде реализиран по изборите. Во тек е и оглас за вработување на уште 25 лица, а со договор на дело болницата има 43 вработени од разни профили.***

Изјавата на првиот човек на Фондот за здравство ни беше повод да видиме каква е состојбата на овој план во нашата Клиничка болница која е од регионален карактер, а чиј кадар се грижи за доброто здравје на над 250.000 граѓани од Источниот регион и дел од некои други нам блиски региони.

-Ние, пред распишувањето на локалните избори, објавивме оглас за вработување на 18 лица, доктори специјалисти, медицински сестри, болничари. Целата процедура е завршена, одлука за вработување е донесена, но поради периодот на избори решенијата не можат да се потпишат, па тој процес ќе биде реализиран по изборите, ни изјави д-р Владко Захариев, директор на болницата.

Захариев додава дека е во тек и оглас за вработување на уште 25 лица, но и овој процес ќе мора да почека на завршување на локалните избори.

-Со договор на дело во Клиничка болница имаме 43 вработени лица од разни профили како општи доктори, медицински сестри, болничари, хигиеничари. Но, познат е фактот дека не постои законска можност за трансформација на вработени со договор на дело во постојано вработени. За сите овие места, кои мора да се пополнат за болницата да може да работи во полн капацитет ќе мора да се распишат нови огласи, укажува д-р Захариев.

Годинава, според нашиот соговорник, 18 лица биле приватно на специјализација.

-Би рекол дека полека но сигурно ќе ги пополнуваме местата на специјалисти кои ни недостигаат. Тука мислам на двајца нови специјалисти по анестезиологија, исто толкав број специјалисти по гинекологија, тројца офталмолози. Тоа значи дека ние го пополнуваме специјалистичкиот кадар од кој имаме дефицит, а тоа е од корист за сите, но пред се и над се за нашите пациенти. Истовремено го пополнуваме и недостигот од медицински сестри и болничари без кои здравствените иснтитуции не можат да функционираат. Сепак, треба да се знае дека дел од нашиот специјалистички кадар, еден по друг ќе одат во пензија и на нивните места ќе дојдат млади доктори специјалисти кои, во тоа сум убеден, ќе донесат нова енергија во севкупното работење на Клиничка болница, посочува д-р Захариев.




# Запишани се 20 проценти поголем број студенти од минатата година

Пред овој број на весникот да влезе во печат, на Универзитетот „Гоце Делчев“ беа реализирани два уписни рока, а третиот беше во тек. За уписите и за очекувањата од стартот на новата академска 2025/26 година разговараме со проф.д-р Мишко Џидров, претседател на Уписната комисија при Универзитетот.

**Г-дин Џидров интересот на јавноста за важните аспекти од работата на УГД секогаш е голем, па и поради тоа би сакале да знаеме како годинава поминаа двата уписни рока и што очекувате во однос на уписите по третиот уписен рок?**

-За академската 2025/2026 година, уписите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се одвиваат според утврдениот конкурс кој што беше објавен при крајот на јули. Со оглед на тоа дека сеуште тече третиот уписен рок, со првичните информации од првиот уписен рок и изразениот интерес во вториот уписен рок, може да кажеме дека интересот е поголем за 20 проценти од лани. Ова ги надмина нашите очекувања и верувам дека вака ќе биде до крајот на сите три уписни рока.

Најголем интерес за новозапишаните студенти доаѓа од источна и југоисточна Македонија, но има растечки интерес и од другите градови на државава каде што веќе има и други високообразовни институции. Овие студенти се одлучуваат да студираат на УГД поради нашите модерни пристапи во образованието, европските цели дефинирани со членството во алијансата, дигитализација и широки можности за практична обука и интернационална соработка. Вкупната бројка на активни студенти на прв, втор и трет циклус на студии во почетокот на октомври очекуваме да биде од 8.000 до 8.500 студенти.

Странските студенти некако постојано се во фокусот на јавноста прашањето ни е колку странски студенти годинава се запишаа на нашиот Универзитет и од кои држави ги има најмногу.

Интернационализацијата на Универзитетот продолжува да бележи позитивен напредок и во академската 2025/2026 година. Сеуште е рано да се зборува за тоа колку ќе се запишат странски студенти, затоа што тие мора да поминат низ процес на нострификација низ Министерството за образование. Турските кандидати и понатаму доминираат, преставувајќи некаде околу 60% од странските студенти кои се



*Проф.д-р Мишко Џидров*

запишуваат на УГД и тоа во главно на Факултетот за медицински науки. Но, од минатата година имавме зголемен број на странски студенти и на Факултетот за информатика. Не е за занемарување и интересот од студентите од држави од екс-Југославија, особено Србија и Црна Гора, но и од Бугарија и Грција.

Од африканските држави, постои интерес и постојано поставуваат прашања за можностите за студирање на УГД, но овде процесот за нивно запишување зависи од добивањето на виза за престој, која не зависи од универзитетот. Олеснувањата во визните процедури и нострификацијата, дополнително би го зголемил интересот, со потенцијал за уште поголем раст во иднина. По завршувањето на третиот уписен рок, ќе имаме целосен преглед на бројот на странски студенти, а Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е подготвен да ги прими и интегрира во наставата, нудејќи програми на англиски јазик или, по два семестри изучување на македонски јазик, вклучување во студиските програми на македонски јазик.

Штипскиот универзитет е семејство на 12 факултети и три академии, па оттука наш интерес е за кои факултети имаше најмногу интерес.

Универзитетот и во оваа студиска година продолжува да привлекува кандидати со разновиден интерес за студирање, со најголем фокус на Факултетот за медицински науки, каде програмата по Општа медицина традиционално бележи најголем интерес и се пополнува во првиот уписен рок.

Техничките факултети, се атрактивни поради интензивното развивање на индустријата по пандемијата и потребата за врвни кадри во сите индустрии, со константен раст од година во година. Општествените науки, привлекуваат студенти поради предизвиците во современото општество и желбата за воведу-

вање на промени, остварувајќи стабилен интерес секоја година. Уметничките академии се специфични по својата природа, каде талентот игра клучна улога, а искусниот уметнички кадар создава предизвик и инспирација за идните студенти. Недостигот на квалитетни кадри во разни сфери на општеството продолжува да ги прави сите студиски програми атрактивни, со промени во интересот од година во година, поддржани од квалитетот и разновидноста на нашата понуда.

**Дали УГД го има сиот потребен кадар за квалитетно изведување на наставата?**

-Кадровската екипираност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип моментално ги задоволува барањата за квалитетно изведување на наставата на сите факултети и студиски програми, овозможувајќи нормално функционирање. Сепак, ова е динамично и комплексно прашање кое бара долгорочен и стратешки пристап на државно ниво. Еден од предизвиците е подобрувањето на односот професор/студент на одделните единици, особено со зголемениот интерес за одредени програми, што укажува на потреба од дополнителен наставен кадар. Причината за овој недостиг лежи во недостатокот на сеопфатна стратегија за развој на кадар во различни научни области, што е надвор од нашите внатрешни капацитети и бара координација со државните институции. УГД останува отворен за млад кадар од различни области, охрабрувајќи ги да се вклучат во нашата динамична академска средина, со цел да се зајакне квалитетот на наставата во иднина.




***И во оваа студиска година Универзитетот продолжува да привлекува кандидати со разновиден интерес за студирање, со најголем фокус на Факултетот за медицински науки, каде програмата по Општа медицина традиционално бележи најголем интерес и се пополнува во првиот уписен рок.***

**Каква годинава беше политиката на Универзитетот на негово приближување до завршените средношколци во Македонија?**

Политиката на Универзитетот за приближување до завршените средношколци во Македонија за академската 2025/2026 година комбинираше традиционални и дигитални активности, со цел да допреме до што поголем број млади. Тим од УГД посети над 30 средни училишта во 15 градови, вклучувајќи ги Штип, Струмица, Куманово, Скопје и Битола, организирајќи интерактивни работилници фокусирани на развој на меки вештини, кои се клучни за идното вработување. Одржавме отворен ден и кариерен ден, привлекувајќи над 250 средношколци и 350 студенти, со учество на повеќе од 40 компании од различни индустрии, овозможувајќи директна поврзаност. Социјалните мрежи, YouTube и веб-порталот www.ugd.edu.mk останаа клучни канали за промоција, каде споделуваме искуства од завршени студенти, промотивни видеа од наставата и практичната обука, како и сведоштва од задоволни Еразмус студенти. Овие активности, поддржани од нашата репутација и проширувањето на програмите на англиски јазик, допреа до широк круг млади, поттикнувајќи интерес и потврдувајќи ја атрактивноста на УГД како избор за студирање.

***Кај странските студенти турските кандидати и понатаму доминираат, преставувајќи некаде околу 60% од странските студенти кои се запишуваат на УГД и тоа во главно на Факултетот за медицински науки. Но, од минатата година имавме зголемен број на странски студенти и на Факултетот за информатика. Не е за занемарување и интересот од студентите од држави од екс-Југославија, особено Србија и Црна Гора, но и од Бугарија и Грција.***

**Што говорат Вашите анализи во однос на развојот на институцијата во делот на наставата и на уписите кои постојано варираат?**

-Анализите на Универзитетот укажуваат на варијации при запишување на новите студенти што се поврзани со повеќе надворешни фактори. Во почетните години, УГД запишуваше повеќе студенти годишно, додека денес бројките се намалени и се држат во некоја константа изминатите години. Оваа промена во голема мера се должи на демографските промени во Македонија, вклучувајќи намален наталитет и иселување на млади, што го намалува бројот на потенцијални студенти. Дополнително, зголемениот број на универзитети во државата, како државни и приватни институции, ја намалува конкуренцијата за уписи. Паралелно, можностите за студирање во странство, особено во Словенија во последните години, привлекуваат значителен дел од матурантите благодарение на бесплатните студии според билатералните договори и поволните услови, што дополнително влијае на намалувањето на локалните уписи. Последниве три години состојбата се стабилизира, што одразува прилагодување кон овие трендови, поддржано од нашите напори за квалитет и меѓународна соработка.

# Да ли некој сака да чува милениче, се зависи од неговата личност



Дарко Поповски во бизнисот со храна и други потребштини за домашни миленичиња е шест години. Во Штип поседува два продажни објекти, а со оглед на фактот дека се поголем станува бројот на штипски семејства кои дома чуваат миленичиња, со Поповски направивме разговор на тема – штипјани и нивната опсесија за чување на домашни миленичиња. Неговата фирма е „Поповци пет шоп тоби“.

-Претходно работев во американската фирма „Марс корпорација“ која работи со производство на храна за домашни миленици. Тоа мое искуство ми даде идеја да отворам продавници за храна и други потребштини за милениците на бројни семејства, а шестгодишното искуство ми кажува дека не сум погрешил, вели Дарко.

Според нашиот соговорник штипјани претежно чуваат мачки и кучиња, но има и други домашни миленици како на пример папагали, зајак, морско прасе, хрчак, верверица и други.

На нашето прашање дали тој, од искуство, има сознанија дека меѓу штипјани расте бројот на оние кои сакаат дома да имаат миленици, Дарко дава потврден одговор: -„Секако дека тоа е така, во изборот на штипјани доминираат кучињата и мачињата, но не е мал бројот и на оние семејства кои дома имаат и други животни за кои погоре зборував“, вели Дарко.

Кога некој муштерија ќе влезе продавницата и со себе го носи миленикот, куче или маче сеедно, дали миленичето, со оглед дека во продавницата се мешат многу мириси на за нив вкусна храна, дали тоа по мирисот ја одбира храната која ја сака или.

-Секако дека има и такви случаи, но доминантниот избор го прави сопственикот на кого ние ќе му понудиме пошироки можности од повеке врсти на храна, а сопственикот веќе знае која храна ја преферира неговиот миленик и од таа купува.

*Дали некој сака или не сака да има милениче, се е до неговата личност, впрочем одамна е речено дека тој што сака животни ќе ги сака и луѓето и обратно.*

Го поставуваме прашањето во што е поентата да се има домашно милениче? Некои сметаат дека на миленичиња се посветени главно самци, пред се од женски пол, но дали тоа е точно. Што на тоа велат муштериите на „Поповци пет шоп тоби“.

-Нема разлика по однос на ова ваше прашање. Се е до личноста, одамна е речено дека тој што сака животни ќе ги сака и луѓето и обратно. А за тоа дали миленици повеќе чуваат самци или семејни луѓе, јас ќе кажам дека ги има секави, некој што останал сам па си сака друштво, има и такви на кои децата му заминале во странство па на чување на родителот му го оставиле миленичето кое го имале, а дел, едноставно, семејно си сакаат дома да имаат миленик на кого сите во семејството му се радуваат и силно му се посветени.

Дарко е со став дека е добро секое семејство да има барем по едно домашно милениче зашто тоа може да му го разубави секој дел од денот на било кој член на семејството.-„Некои семејства имаат и по повеќе миленици, се во зависност од тоа колку време имаат за да му се посветат на неговите потреби“, коментира Поповски.

-Првичната суштината на чување домашни миленици е подобрата социјализација на децата во семејството и околината, посебно на најмладите кои најдобро ја чувствуваат топлината која ќе му ја пружи кучето или мачето. И мачето и кучето даваат многу позитивна, смирувачка енергија што е посебно важно во екот на овие немирни времиња.

Во неговите продавници има секаква врста на храна, поевтина со помалку протеини и масти и поскапа која содржи повеќе протеини и масти. Има и широк избор на облека,поводници, играчки и разни други производи за нивните миленици.

-Ја користам можноста која ми ја давате да испратам една порака до оние кои сакаат да чуваат домашни миленици. Имено, најдобро е секој од нив претходно да се информира со кои се обврски ќе се соочи кога ќе одлучи да чува милениче.Тоа е многу битно затоа што има луѓе кои, откако ќе земат на чување миленик, по кратко време ќе дојдат и ќе се жалат дека немаат време доволно да му се посветат, и сето тоа само поради факто дека претходно не биле доволно информирани за сите аспекти на ова важно прашање, порачува Поповски.

# Сликарството го работам од љубов, не за профит

Зоран Митревски е познат уметник во градот кој се бави со сликарство. Во разговорот кој следи се обидовме да дознаеме како нему како уметник му минува летото.

**-Уметнику, што како прво би кажале на оваа тема?**

- Како прво сакам да се заблагодарам на Штипски глас и неговиот уредник Иван Бојаџиски за контуинираната отстапеност и простор за уметноста во весникот. Денеска тоа е толку реткост, па дури ќе си земам за право да кажам и единствен во Македонија.

**-А, како друго?**

-Па, би сакал да појаснам дека јас сликарството го работам од љубов, не за профит. Би сакал и оние малку луѓе што останаа и ја почитуваат уметноста, а притоа имаат и мали приходи, да можат да си купат слика, без многу да им се почувствува на домашниот буџет.



**Митревски со семејството**

**Мислам дека сте познати и како човек/уметник кој не така ретко знае и да подари некое свое дело?**

-Добро сте запознаени со оваа моја навика До сега имам поклонето десетици слики на мои блиски, десетици слики продадено под цената на самото платно. Се сеќавам на моментот кога во ателјето дојде жена и ми рече дека ја следела мојата страница на Facebook, па порача дека една моја слика многу и се бендисала и би сакала да ја купи. Но, жената се пожали дека пензијата и била многлу мала, па од мене побара, ако се може, сликата да ја плати на рати бидејќи можела само 1000 денари да издвои од пензијата месечно. Јас одлучив сликата да и ја поклонам, но таа не сакаше никако да ја земе како поклон, но на мое упорно инсистирање на крајот тивко рече благодарам. Јас нејзиниот израз на лицето од кое се читаше големата благодарност нема да го заборавам додека сум жив. Ете такви моменти прават човек да се почувствува човек.

**Сите денес нешто се плачат од работата, живеачката, состојбите во општеството, дали и вие сте еден од таквите?**

-Па, ќе речам дека во денешно време е многу тешко да си уметник, сликар. Повеќето луѓе ќе потрошат стотици евра во кафеани слушајќи турбо фолк, но страшно тешко им е, а и скапо, да платат 50 или 100 евра за уметничка слика која се работи со денови. Но тоа е нашата реалност, а од реалноста не се бега. Среќа е што сепак има еден мал дел од луѓето кои ги ценат и почитуваат трајните вредности, и благодарејќи на нив ќе можам и понатаму да купувам бои, четки, и платна.

**На што ве упати животот?**

-Убаво прашање. Ќе кажам дека во животот имам осознаено една вистина, а тоа е вистината дека парите можат да ти причинат многу задоволства, но не и среќа. Впрочем Робин Вилијамс, познатиот американски актер, се обеси во својот дом вреден 16 милиони долари, зашто бил многу несреќен и осамен човек. Јас мојата среќа ја наоѓам во моето семејство, во мојата сопуга која и по 43 години брак сеуште ја сакам како и првиот ден, во моите две ќерки, кои веќе си формираа свои семејства, а најмногу во моите внучиња Александар, Лука и Леа.

**Покажува ли некој од нив интерес да се придружи на дедото во сликарството?**

Александар, додека беше помал, покажуваше интерес за сликање и за изучување на техники на сликање, посебно импресионираше неговата имагинација во училиштето. Лука пак има природна дарба за сликање, има направено неколку слики кои се навистина многу убави, но и тој е веќе ученик па се помалку време поминуваме заедно во ателјето. Леа е многу малечка, и е дедина принцеза. Сето ова го кажувам од причина што и не ми е толку важно дали ќе продавам многу слики, дали сликите ќе имаат добра цена. Важна ми е среќата на моите најблиски, на моите најсакани. А што се однесува до сликаството ќе подолжам да работам со истиот елан и љубов.

# „Дајте ни уште една Плачковица“

**⊙ На извонреден начин одбележана 50 годишнината од почетокот на работната акција „Плачковица 75“**

Пред точно 50 години Штип вриеше од младоста дојдена од сите краишта на тогашна Југославија. Точно 2.950 акцијаши од Вардар до Триглав учествуваа во изградбата на патот од Штип до планината Плачковица во должина од околу 40 километри. По тој повод, граѓанското здружение „Пат на младоста“ формирано во нашиот град во 2018 година од поранешни акцијаши, организира преубава прослава со потсетување, преку фотографии и говори за значењето на акцијаштвото во тие години и остварувањата кои во наследство ни ги оставија тогашните млади генерации.

-Пред таа, за нас историска 1975 година, во Македонија десет години немаше организирано ниту една акција, па нашата акција беше прва и со тоа ние го пробудивме акцијаштвото во тогашната наша Република. На патот Штип-Плачковица работеа точно 2.950 акцијаши од сите тогашни републики и покраини. Акцијашите, во 1975 година, беа сместени во акцијашкиот град на Туртел, а наредните години во акцијашка населба во дворот на училиштето во Карбинци, вели Никола Кангалов, претседател на здружението на акцијаши волонтери „Пат на младоста“ и командант на работната акција „Плачковица 75“ во 1978 година.

Кангалов информира дека за време на акцијата која траела до 1978 година 1.110 акцијаши биле прогласени за ударници. На акцијата се случиле 138 вљубувања и се склучиле осум брака.

На свечената прослава на овој голем јубилеј во уметничката галерија Безистен преку 130 фотографии од акцијата и уште 150 фотографии од активноста на здружението „Пат на младоста“, присутните беа запознаени со минатото и сегашноста на акцијаштвото во Штип. Изложбата ја отвори градоначалникот Иван Јорданов, а обраќање имаа проф.д-р Кирил Цацков, кој во 1977 година беше командант на акцијата и Антонија Јорданова, млад волонтер акцијаш.

Акцијата се одвиваше под слоганот „Ние го градиме патот – патот не гради нас“, а Кангалов потсетува на еден посебно интересена настана од времето кога завршувала акцијата:

-Откако ги исполнивме задачите, при што сакам да напоменам дека во изградбата се вклучи и тогашната војска со механизација пред се, ние упативме едно јавно барање кое гласеше:

**„Дајте ни уште една Плачковица“.**

Тоа барање, според Никола Кангал, било резултат на фактот дека тогашната младина била „гладна“ за работни акции, за дружење и за еден посебен живот кој го доживувале како акцијаши во своите акцијашки градови.

Инаку, акцијашкиот ден започнувал со будење во пет часот наутро, правење гимнастика, потоа појадок, заминување на траса, работа на траса во траење до пет часа, враќање во акцијашкиот град, ручек и одмор. Вечерта се приредувале литературни читања, забави, игранки, свиреле рок состави, имало квиз натпревари, а сите овие настани во голем број ги следело и месното население од блиските села.




-Изградбата на патот до Плачковица беше значајна и за повеќе села од двете страни на патот на кои им беше обезбедена квалитетна врска со градот, потсетува Кангалов. Благодарни сме на сите стопански и други субјекти кои ја помогнаа оваа наша прослава, како и на Општина Штип. Одбележувањето на јубилејот го завршивме со свечен, традиционалне македонски ручек во дворот на манастирот во населбата Баби. Инаку, на прославата беа околу 200 поранешни акцијаши од десеттина градови од Македонија и од уште четири градови од Словенија и Србија.



**Разиграни и распеани акцијаши во Безистен**




***Од 1975 до 1978 година 2.950 младинци од тогашна Југославија работеа на патот Штип-Плачковица, за тоа време 1.110 акцијаши беа прогласени за ударници, а имало 138 вљубувања и биле склучени 8 брака.***



**Акцијашите засадија дрво за вечен спомен од настанот**



**Дефили по улиците на Штип**



**На заеднички, ударнички ручек**


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
ВИТАМИНКА
СТОБИ ФЛИПС
СО КИКИРИТКИ
WITH PEANUTS
e 40g
БЕЗ КОНЗЕРВАНСИ NO PRESERVATIVES ADDED
БЕЗ ВЕШТАЧКИ БОИ NO ARTIFICIAL COLOURINGS


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Donna



# Турци и потурчени

**Пишува:**
**Ристо Божидар Аризанков**

➲ ***Маркс, проучувајќи го Талмудот (збир на закони и обичаи на Евреите), ќе заклучи дека кај Евреите, Бог на сите Богови се парите... впрочем...можеби и кај нас е така, некако поголем број од равенките завршуваат со одредена цена во паричен износ...жално но вистинито.***

Во едно дамнешно време, додека оваа прекрасна и напатена земја ја нарекуваа Румелија, во која живееја и тогаш страдалниците наши предци Македонци се изродила една народна поговорка. Ќе речете – поговорка како поговорка, ако важела тогаш, не мора и сега. Некои од населението понесени од желбата за подобар живот се потурчувале, и баш во тоа време се изродила  оваа мудра мисла која станала народна поговорка:




„Не плаши се од Турчин туку од потурчен".

Имено потурчениот за да се докаже во неговта нова вера и нација често пати најмногу напакостувал, кодошел, убивал Македонци, имун на секаква емоција и пристојност, што не им пречело на поробувачите туку им ја олеснувало работата. Турчинот не се занимавал со овие проблеми, гревот и крвта останувале на рацете на довчерашниот Македонец, денес голем Турчин.

Поминале векови, а поговорката уште опстојува, дури овие 30 години и се докажала за точна, исто како што неморалот и немањето срам добија тука државјанство. Во оваа политичко - партиска ветрономина, многумина членови од некоја политичка партија, незадоволни од положбата во која биле ставени (излажани и изиграни од нивниот аспект на разбирање на партијата) често го менувале ,,дресот" за некој друг тим или пак помали групи од дадениот политички субјект и формирале свои партии. И сега...жално но вистинито, сите тие партиски renegarde, најмногу плукаат во стариот бунар, кодошат и навредуваат се она кое тие биле до вчера, треба да се докажат во новата средина. За жал ја немаат таа доблест да го задржат достоинството кажано во две реченици:

Тајните остануваат тајни и кога пријателството ќе заврши и ако веќе не сум ти пријател не значи дека сум ти непријател.

Сепак, малку потпора добиваме од Марксизмот како врвна наука на економијата и филозофијата (никој не ја разбра, а ниту ја примени), имено, во делото Критика кон Еврејското прашање, Маркс, проучувајќи го Талмудот (збир на закони и обичаи на Евреите), ќе заклучи дека кај Евреите, Бог на сите Богови се парите... впрочем... можеби и кај нас е така, некако поголем број од равенките завршуваат со одредена цена во паричен износ...жално но вистинито.

***И сега...жално но вистинито, сите тие партиски renegarde, најмногу плукаат во стариот бунар, кодошат и навредуваат се она кое тие биле до вчера, треба да се докажат во новата средина. За жал ја немаат таа доблест да го задржат достоинството кажано во две реченици: Тајните остануваат тајни и кога пријателството ќе заврши и ако веќе не сум ти пријател не значи дека сум ти непријател.***

И некако при дното на ова писание, идеологијата присилно ги напушти партиите во ова време за сметка на материјалните бенефити и општествена благосостојба на поединци членови на партиите, додека едно друго време, таа (идеологијата) беше фундамент на партиите и кога се знаеше дека од партијата се излегува само мртов...



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ,
писател

## ТРКАЧ

Знам еден кој се потсмеваше на сите оние кои трчаа, најмногу на атлетичарите на долги и кратки стази. Велеше дека е доволно да трчаш во мислите. Во нив треба да си брз. И трачаше во мислте. Таму и остана трчајќи. Оние што знаеја дека повеќе нема да се врати, знаеја дека некои препреки во животот не се прескокнуваат лежејќи.

## КАМЕН

На улицата во играта, се' уште деца, едно од девојчината ме удри со камен по грбот. Наместо да се свртам кон неа и како машко да и' вратам со иста мера, трчајќи се спуштив кон дома. Дома едвај ме смирија. Плачев иако не ме болеше.

По педесетина години читам на социјалните мрежи некогашното девојче, сега веќе сериозна госпоѓа, слави роденден. И го честитав роденденот. Со честитката на свој начин и го вратив камент со кого ме тупоса по грбот.

## СОЛЗИ

Жената ми вели:
„Колку брзо ти доаѓаат солзите во очите, тоа не можам да го разберам."

"Време е на солзите кои во детството, во младоста не можеа да бидат побрзи од нозете, одлуките, зборовите, желбите. Време е искреноста да ја почувствува слободната волја." И реков на жената во чии очи видов солзи. Немаше потреба да прашам дали ме разбра.

## ПРИЈАТЕЛСТВО

Со години наутро во Градската меана, седнувам на масата со стариот пријател. Пред да започнеме со лав-муабет, нарачуваме кафе со чаша вода. По часдва, на заминување, филџанот со кафето пред пријателот останува полн. Прв пат кога го забележав тоа, го прашав: „Зошто не го испи кафето?"
„Јас не пијам кафе" - рече .

## АУТСАЈДЕР

Поет кој добил награда за поетската збирка, во интервјуто за пишан медиум вели: „Денешниве поети се аутсајдери, на саемот за коли продаваат магариња." Во градот, во моето најрано детство, немаше куќа да нема магаре. Всушност, само во куќите на оние што доаѓаа од селата немаше магариња, ниту друг вид на стока.

* * *

Кога мама и тато беа на работа, за мене и мојата сестра се грижеше дедо Трајко. Наутро ќе не ставеше - мене во едниот, сестра ми во другиот кош закачени за самарот на магарето и ќе не однесеше на лозјето.

Оттаму не враќаше кога мама и тато ќе се вратеа од работа. Така магарето стана мое најомилено животно.

* * *

Веќе возрасен ми се роди желба да си купам магаре. За жената и децата тоа беше шега на која не можеа да и се изнасмејат. На прашањето каде можам да купам магаре, оние што знаеја да ми одговорат, велеа дека магириња има се' помалку, а ако се најде некое нема да е за малку пари.

* * *

Кога би можел да се сретнам со погоре наведениот автор би му рекол: „Не грижете се, времето на магарињата не е поминато како што и времето на поетите и писателите."

## ПОД КРЕВЕТОТ

Како дете навечер не можев да заспијам додека не погледнам дали има некој под мојот кревет. Го правев тоа и кога под душекот поставен на подот не можеше да се провлече ниту мравка. Бешто тоа мојата голема тајна. Се' додека не прочитав во една од песните на Вислава Шимборска дека и таа кога ќе легнела се плашела дека има некој под креветот.

Песната на нобеловката ми помогна повеќе да не се чувствувам сам во стравот што ме следи од детството.

Човекот не може ништо сам, дури и да признае кога вината е само негова.

## СЛЕПЦИ

Во моето долгогодишни искуство како културен работник, организатор на културни настани , од театрски претстави, книжевни промоции, портрети, ликовни изложни, се до музички рецитали, заклучив, сепак без заклучување, дека: актерите не одат на претставите на своите колеги, писателите на промоција на книги на писатели, ликовни уметници на изложби на ликовни уметници, музичари на туѓи концерти.

Откако прочитав дека Бах пешки изодил 400 километри за да присуствувајќи на концертот на својот идол проглeда како музичар, ми стана јасно зошто уметниците во нашава Страдалница не се почитуваат едни со други. Зашто се слепци.

## АНГЛИЧАНИ

Во едно интервју салавниот драматичар Горан Стефановски се жали што во нашава Страдалница нема граѓанска драма. Сите биле херојски, воени итн. Во животот еднаш до два пати бев во друштво во славната личност. На ниту едно негово дело пишувано како драматичар, поет, интелектуалец, не сум му наоѓал замерка, едноставно од прва сум се слагласувал со се' што ќе напише. Околу граѓанската драма би сакал , да беше жив можеби ќе имав можност во лице да му кажам -Драг мој Горане и да имаме граѓанска драма ќе биде за џабе, се додека не се најдат јунаци да ја забележат. Зашто нам не ни недостасуваат драматичари , туку читатели поготово помеѓу одговорните за фигурално предметната композиција.

Од театарските реалитети во нашава Страдалница само авторите не се прават на Англичани.

# Основно наставно средство – Учебникот




Пишува:
Роберт Аџипетров

Образованието не може да се замисли без учебникот, а законот вели дека истиот е основно наставно средство кое учениците го добиваат бесплатно. Современите трендови ни носат и електронските и дигиталните учебници, кои секако имаат предности, но сепак преовладува мислењето дека традиционалниот хартиен учебник е главен извор на знаење.

Во Македонија учебниците се тема на стартот на секоја учебна година, за жал поради нивниот недостаток или појавата на оштетени учебници. Учебници по странски јазици немаше во претходните седум години, нешто што се промени со почетокот на учебната 25/26 година. Но зошто учебниците се тема и каде лежи проблемот во нивната набавка?

Да започнеме од почеток и да погледнеме како системот го регулирал ова прашање. Во Македонија во периодот од 2008 па се до крајот на 2024 година законското решение наликуваше на системската поставеност во Кина, Северна Кореа, Саудиска Арабија итн. Ова впрочем значеше дека најголем издавач во државата беше  Министерството за образование и наука, кое „најмуваше“ автори за да ги создаваат учебниците. Постапката траеше долг временски период со сериозни можности за неуспех. МОН беше задолжен да спроведе стручно и графичко уредување, како и превод на јазиците на кои се одвива наставата. На крајот на 2024 година се донесе ново законско решение кое издавачката дејност ја трансферира од Министерството за образование и наука кон издавачките куќи. Новиот закон донесе низа бенифити како формирање на база на рецезенти и определување на каталошка вредност на учебниците што значи дека вредноста е транспарентно утврдена со формула со која се спречуваат манипулациите во набавката на учебниците. Сепак ова само по себе не значи моментално прекинување на сите активни договори, туку постепен трансфер на правата на учебниците од министерството кон издавачите. Така во моментот, според новото законско решение, се одобрени учебници за седмо одделение во основно образование, прва година во средно гимназиско образование и учебници по странски јазици за сите одделенија во основно образование како и прва година гимназиско образование. Останатите учебници од прво до шесто одделение сеуште се со важни одобренија донесени со старото законско решение, додека пак учебниците за осмо и деветo одделение се согласно старите наставни програми кои е потребно да се променат час побргу. Впрочем обврската на министерството е во дел на одобрување и иницијална набавка на учебниците, а должноста за грижа на набавениот фонд е на училиштата.

Овде се лоцира и причина за недостаток на учебници односно зошто голем дел од нив се сериозно оштетени. Така додека учебниците за прво, второ и трето одделение се сметаат за работни учебници и се набавуваат секоја година, учебниците за погорните одделенија училиштата се должни да ги употребуваат пет учебни години, а евентуалните оштетувања, намерни или ненамерни, да им ги наплатат на родителите. За жал ретко кое училиште внимавало на оштетувањата, уште помал е бројот на наплатени оштетувања, што резултира со оштетени учебници од кои следните генерации мораат да учат. Јавноста многу често го посочува министерството како одговорно за оштетените учебници, но факт е дека по одобрувањето на учебниците и иницијалната набавка одговорноста за чувањето на ова јавно добро е на самите училишта кои оваа обврска ја немаат исполнето.

***...Додека учебниците за прво, второ и трето одделение се сметаат за работни учебници и се набавуваат секоја година, учебниците за погорните одделенија училиштата се должни да ги употребуваат пет учебни години, а евентуалните оштетувања, намерни или ненамерни, да им ги наплатат на родителите што ретко се правело.***

Впрочем поради наведенето и постои перцепција дека учебници има само за учениците од прво до трето одделение како и за ученици кои за прв пат добиваат учебници согласно нова наставна програма. Ова говори дека по завршување на обврската на Министерството за образование и наука и набавката на учебниците (нешто што државата ја чинеше 11 милиони евра), останатите учесници во процесот воопшто не се однесуваат рационално сметајќи дека набавка на нови учебници е нешто што треба да се прави секоја година. Македонија како држава воопшто не располага со потребните средства за замена на сите учебници секоја година, а доколку сакаме квалитетен образовен процес потребно е да се почитуваат законските обврски. Учебниците сами по себе не можат да се оштетат, а штетата направено намерно или ненамерно не смее да го оштети буџетот на државата па од таа причина е потребно сите активно да се грижиме за основното наставно средство – учебникот.

# Роднокрајни приказни од библиотеката



***Сања Николова Мемиш е поетеса која започнала да пишува на 8 годишна возраст, а таа страст не ја има напуштено ниту денес.***

**Сања, нашето прво прашање е какви беа Вашите книжевни почетоци? Кога и како настана Вашата љубов кон пишувањето?**

Песни почнав да пишувам на 8 годишна возраст - секоја песничка ми беше напишана на посебен лист - и секогаш сакав да ги прочитам пред некого за да видам дали ќе ме пофалат (ха-ха-ха) - и на крај секогаш добивав аплауз. Сметам дека љубовта кон пишувањето ми е вродена. Пишував ама никогаш не се замислував како автор, само едноставно уживав во процесот се додека да сфатам која сум. Пишувам постојано. Секогаш имам нотес со мене. Во ретки моменти кога немам - телефонот е тука. Се до моментот кога завршив гимназија не знаев точно во која насока сакав да ми се движи животот - ама процесот на откривање е многу забавен и тежок во исто време. Не сакав да бидам писател (автор) но животот ме направи прво поет, па потоа автор.

**Во што наоѓате инспирација кога пишувате?**

Најмногу пишувам кога животот е тежок, бидејќи нема среќни песни, а јас сум прво поет. Сепак, добар филм, добра книга и добро кардио вежбање може да ме инспирира и да ме мотивира да пишувам. Мислите неконтролирано доаѓаат, некогаш е многу тешко да си ги собирам правилните реченици на едно место. Сепак има и тивки периоди. Јас секогаш велам дека тоа е затишје пред бура. Човек за да пишува мора прво „да живее” а животот е - ах, хаос ( ха-ха-ха ). Еден убав хаос. Процесот на пишување кај мене е во етапи, бидејќи сум перфекционист иако знам дека перфектно не постои, сепак се трудам максимално. Никогаш не пишувам директно како електронска форма. Се што сум напишала најпрво било во хартиена форма, пишувањето со пенкало на хартија ме смирува и ми прави се чувствувам возвишено. Од моја гледна точка, да се напише почетокот на книгата е потежок од тоа да се напише крајот .

**Како ја гледате улогата на НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип во поддршката на авторите и литературната сцена? Во Вашата работа како писател, дали сте имале можност за соработка со нашата библиотека, и што најмногу Ви оставило впечаток?**

Сметам дека НУ - УБ е појдовна точна низ целиот процес се до издавањето на книгата. Имав прилика да соработувам со вработените во НУ-УБ Гоце Делчев и се што ми изгледаше тешко се претвори во хармоничен процес од моментот на барање на некои основни информации до моментот на добивање на ЦИП запис, се до промоција на книгата. Она што најмногу ми остави впечаток е дека постојано беа тука за сите мои прашања одново и одново - брзината на постапката, секогаш навремено според моите планови. Втората книга „Илузија” доби преубава промоција во НУ-УБ Гоце Делчев.

**Кога ќе погледнете зад Вас, што сфативте дека е најважно во животот, дали е тоа можеби љубов, здравје или нешто сосема трето?**

Сметам дека во одреден период од животот различни вредности се редат на скалата на најважните, а сепак покрај сè, здравјето нема цена. Заедно со здравјето и да бидеме добри луѓе кои ги сакаат луѓето, да се градат мостови наместо ѕидови - полни со љубов. Има многу важни нешта во животот, се е испреплетено. Само треба да бидеме мудри и да не дозволиме овој вид на социјализација и модернизација да не контролира и раздели едни од други.

**Врз основа на животно и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

Познавам многу луѓе кои пишуваат за прекрасни нешта и со преубав стил на изразување. Би сакала да им кажам да бидат храбри и да не се плашат од повратната информација за своето завршно литературно дело, бидејќи да бидеш успешен автор не се мери според тоа колку луѓе те познаваат и колку луѓе ја прочитале твојата книга, туку ако процесот на пишување ти помага да преживееш во тешките моменти во животот, веќе сте успеале како автори. Пишувањето е уметност - а уметноста е лек за душата. Правите приврзаници ќе дојдат во право време - само треба слободно да се изразиме и ќе се изненадиме колку благосостојби можеме да привлечеме.




**Пишуваат:**
**Тодор Џидров, библиотекар и**

**Јована Рилак, виш библиотекар**

# „Малиот принц“ со пет претстави за голема радост на децата



Петте најубави претстави за деца кои се играат во театрите во Македонија и/или се независни продукции беа дел од репертоарот во рамките на театарскиот фестивал за деца „Малиот принц“ кој во Центарот за култура „Ацо Шопов“ традиционално се одржува во месец септември.

-„Како и во сите претходните години од кога на нашата сцана опстојува фестивалот „Малиот принц“ и годинава се потрудивме најмалата публика на нашиот



град да има можност да ги погледне најубавите престави за деца. Покрај редовната програма оваа година имавме и успешна театарска работилници чиј модератор беше Билјана Крајчевска.“ – ни изјави Пеце Ристевски, директор на најголемата институција од областа на културата во Штип и регионот.




Фестивалот беше отворен со претставата „Петко 5+“ во изведба на ОХО продукција од Скопје. Тоа беше едночасовен концерт на бендот 5+ произлезен од серијата 5+Фамилија, а за дечињата играа и пееја Лина, Петко, Алек, Лиз, тетка Душка, Комшито и Детективот.

Фестивалот продолжи со претставата „Жива досада“ во изведба на актери од НУ Македонски народен театар. Се работи за авторски проект на актерките Билјана Јовановска, Изабела Јакимова и Нина Деан, а улогите ги толкуваа Гоце Андонов, Нина Деан, Изабела Јакимова, Јана Вељановска и алтернацијата Билјана Јовановска.

Третиот ден настапи скопскиот Театар за деца и младинци со претставата „Роња, ќерката на ограбувачот“ во режија и драматизација на Јакуб Максимов. На сцената на театарот пред преполна сала (се) играа: Матеа Јанковски, Никола Наковски, Мики Анчевски, Катарина Илиевска, Ангела Димитрова и Петар Стојанов. Народниот театар од Битола ги израдува децата со претставата „Снежана и седумте џуџиња“ од Љубивоје Ршумовиќ, во режија на Драгана Милошевски-Попова. Играше бројна актерска екипа (13 души), а кореографијата беше на штипјанецот Игор Киров.




Фестивалот заврши со настапот на НУЦК „Антон Панов“-Струмица, со претставата „Пепелашка“ за која адаптацијата, режијата и сценографијата ги изработи Кољо Черкезов, а на сцената радост на децата им донесе најбројната театарска екипа на фестивалот од 15 актери.

„За фестивалот е важно и тоа што група дечиња од училиштата во Штип имаа можност да учествуваат на работилници. Таа група на деца работеше на осовремување на познатите класични приказни учејќи како класична приказна да ја преработат со модерна, современа верзија од неа“, рече режисерот во штипскиот театар Никола Ристов.

# Иднината си ја гледам во фудбалот

❖ ***Лука Бојаџиев, 18 годишен фудбалер на Брегалница, говори за својата страст кон фудбалот и за својот сон еден ден да заигра во Јувентус...***



**Бојаџиев на четири годишна возраст**

Лука Бојаџиев има 18 години. Тој е момче кое стопроцентно е посветено на спортот, на фудбалот. Настапува за ФК Брегалница, а негови идеали во најпопуларниот спорт на светот се фудбалерите кои навивачите ги нарекуваат „уметници“ и поради кои најмногу народ оди на фудбалски натпревари.

-На фудбалот како спорт ме навлече Меси уште кога бев на 4,5 годишна возраст. Тогаш, иако многу мал, си реков дека мојата иднина ќе ја посветам на овој спорт. Подоцна, кога повеќе созреав, бев сосема на чисто дека фудбалери како Меси, Модриќ, Дибала се моите идоли и дека ќе се обидам да го играм фудбалот кои тие го играат. Навивам за Јувентус, сега имам 18 години, а си дадов завет дека ќе бидам упорен во остварување на својот сон, а животот сам ќе покаже што сум сонувал, а што сум направил, вели Лука во разговор за Штипски Глас.



**Лука во акција**

Ова младо момче е студент на економски факултет на Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе. Вели дека ја сака економијата како наука, финансиите, бизнисот. Но, додава дека фудбалот му е број еден во животот.

-Како дете на тренинг ме водеше дедо ми Мичо, кој и самиот беше фудбалер на Мал Ајакс. Тој ме поддржуваше во остварувањето на мојот сон да бидам фудбалер, беше мојата најголема поддршка, коментира Лука кој е благодарен на првиот тренер Полазаров кој го прифатил кога имал 4,5 години.

За првиот тим на Брегалница дебатираше минатата година. Дебито му беше на куп натпреварот во Неготино против Тиквеш и против Работнички.

-Радоста од фактот дека го одиграв првиот натпревар за омилената Брегалница ми даде нов елан и силна решеност да тренирам и да напредува што повеќе, посебно и поради фактот дека нас најмладите поретко не пуштаа во првата екипа, а јас бев желен, сонував секогаш да бидам во првиот тим на Брегалница. И затоа секогаш бев најредовен на тренинзите на кои се трудев на секој начин и во секоја смисла секој дена да напредувам под водство на тренерите Сенев, а сега и Костов, укажува Лука Бојаџиев.

Тој смета дека најмладите играчи треба почесто да добиваат место во првата екипа на Брегалница.-„Па гледате дека во најголемите светски клубови настапуваат фудбалери кои имаат 16,17,18 години, зашто тоа така не би било и кај нас“, се прашува Лука.

***Лука има 18 годиини, висок е 184 сантиметри, тежок 70 килограми и со својата градба е како создаден за фудбалер. Негов сон е да стане редовен првотимец во Брегалница, а потоа, еден убав ден, да заига за Јувентус, неговиот омилен светски клуб.***

На нашето прашање во кој клуб се гледа себеси во иднина Лука го дава следниот одговор: - „Прво сакам да се наметнам како стабилен првотимец на Брегалница, ако пак успеам во фудбалот да го направам тоа што го сонувам тогаш Јувентус би бил мојот избор“, вели Лука.

Првиот гол за првиот тим на Брегалница го даде на натпреварот против Тетекс на кој натпревар Лука играше околу 20 минути. Но и тоа малку време беше доволно Лука, уште при првиот допир со топката да ја затресе мрежата на противникот. Инаку, ова талентирано за фудбал момче вели дека тој најмнолгу сака кога успева како играч за врска.

Лука има одлична височина за фудбалер какви што се најмладите момчиња во светскиот фудбал. Висок е 184 сантиметри, а тежок 70 килограми. На тренинг оди секој ден освен денот кој следи после некоја утакмица, а кој ден сите тренери го даваат за одмор на фудбалерите. Ова момче имграше во младинската екипа на Брегалница во финалето на Купот на Македонија против Брера, што говори за неговиот правилен и успешен развоен пат во фудбалот.

# 100 години фудбал во Штип, јубилејот го одбележаа фудбалери на Црвена Звезда и на Брегалница кои заедно имаат над 1.500 години

Фудбалерите од постарата генерација на белградска Црвена Звезда и на штипска Брегалница, кои заедно имаа(т) над 1.500 години живот (22 фудбалери по најмалку 70 години старост) играа фудбал на Градскиот стадион во знак на одбележување на стогодишниот јубилеј на штипскиот фудбалски бренд.

Секако дека натпреварот имаше ревијален карактер, но имињата на најголемиот и најуспешен тим од екс Југославија привлече бројна публика која убаво се забавуваше на стадионот.

На теренот истрчаа бројни големи фудбалски имиња кои во минатото биле бренд во Црвена Звезда



Јорданов, Ѓуровски, Костов, Шумански, Арсов





но и имиња кои на еден поширок простор, во некои минати годни, ја пренесуваа славата на штипскиот клуб, а со тоа ја пренесуваа и славата на градот.

За Брегалница настапија: Љупчо Лазаров, Методи Папаров, Зоран Петров, Мите Ѓоргиев, Кире Герасимов, Марјан Николов, Влатко Давитков, Влатко Новаков, Дејан Дамјански, Мијалче Маџунаров, Гордан Здравков, Баже Петров, Драги Ефтимов, Влатко Костов, Ристе Милосавов, Влатко Манев.

Во познатите дресови на Црвена Звезда на теренот се појавија: Бошко Ѓуровски, Станислав Караси, Владимир Петровиќ, Здравко Боровница, Зоран Филиповиќ, Недељко Милосављевиќ, Цвијетин Благојевиќ, Ненад Ваниќ, Милош Бурњаќ, Зоран Јовичиќ, Александар Крстиќ, Драган Канатларовски, Илија Најдоски, Славољуб Јанковиќ, Зоран Николиќ, Милош Васиљевиќ. Дел од фудбалерите на Црвена Звезда беа и европски прваци

Резултатот, секако, беше во втор план, но колку за спортската историја на Штип да нотираме дека натпреварот кој се играше двапати по 30 минути заврши со резултат 4:1 за Црвена Звезда.

Штип треба да им биде благодарен на ветераните на белградскиот тим што на градот му укажаа

***Секако дека натпреварот имаше ревијален карактер, но имињата на најголемиот и најуспешен тим од екс Југославија привлече бројна публика која убаво се забавуваше на стадионот.***

честа да бидат во епицентарот на прославата на големиот јубилеј.

На бројни спортисти и спортски работници им беа доделени признанија за развојот на фудбалот во Штип.

# ТР-МР




Размислува: Iv. BOJ

Имало многу нашинци
кои живееле во странство.
Погрешно.
Тие во странство само работат,
а живеат само кога ќе си дојдат во Македонија.

„Ние не пиеме нафта“
рече високиот политичар
и го отвори скапото
шише виски.

Ако требало само да се седи
човекот немало да има нозе,
а ако требало човек да
пуши, тогаш на главата
ќе му израстел оџак.

Ако не ти е убав твојот живот
не обидувај се да го промениш по некој нов терк.
Доволно е да ја промениш својата перцепција
за тоа што, всушност, е животот.

Другиот е секогаш поубав, поуспешен, побогат...
Не е до другиот. До тебе е зашто не
знаеш да го цениш најголемото богатсво кое
го имаш: своето здравје.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 8 | 5 | | | | 7 |
| 3 | 8 | 2 | | | | | | |
| 9 | | 7 | | 3 | | 1 | 8 | 4 |
| | 2 | 8 | | | 6 | | 3 | |
| 4 | | 9 | | | | 8 | | 1 |
| | 3 | | 9 | | | 4 | 7 | |
| 7 | 1 | 3 | | 6 | | 2 | | 8 |
| | | | | | | 5 | 1 | 6 |
| 2 | | | | 9 | 8 | | | |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април,
2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 18.09.2025 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски


совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите.



Ш.Г.

Пејачка на фотосот
Муслим. машко име
Група инсекти во лет (мн.)
Пејачката Гиева
Екс фудбалер Алфредо
Речник на некое наречје
Шеф на женски чорап
Место во Хрватска
Спартански крал
Воспаление на матерڅата
Планинс. премин во Македонија
Пејачка Сумак
Пејачка Малинова
Англ. сликар Вилијам
Класа инсекти
Норвешка
Драма од Молиер
Шахистот Гелер
Црвени
Декорат. елемент во индис. архитектура
Град во Италија
Потикнувачи

Ш.Г.

Луѓе кои првпат настапуваат јавно
Хемиски елемент (метал)
Метар
Најјака карта (мн.)
Атомски јадра со ист број неутрони, а различен број на протони
Јеуначка песна
Шаховска фигура
Машко име
Ербиум
Вид папагал
Согласка
Челичарница
Шпански граматички член
Депоненти
Град во Гвинеја
Главен град на Романија
Жител на една европска држава
Посед
Фр.филоз. Гијом
Пејачка Дијон
Шпан. сликар Салвадор
Хемиски елемент
Америк. артист Рој
Пар.един. во С. Кореја мн.
Госпоѓа (грч)
Иве Јеролимов
Вид минерал
Сликарка Темкова
Тимови
Орце Николов
Река во Литванија
Жирардо
Српски артист Драган
Мерка за скапоцен.
Музичка нота
Ср. вековен витешки натпревар
Ам. артист Роберт
Азот
Град во Етиопија
Многу мала течност за мерка

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ
*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA